Архивски број: 08-456/7
Датум: 29.10.2026

Постапувајќи по претставка бр.08-456/1 од 06.5.2026 година, дополнета на 06.8.2026 година, поднесена од ----------, против ----------, за заштита од дискриминација врз основа на пол и политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на ----------, кон ----------.

О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од ----------„ вработена во ----------. Подносителката наведува дека во ---------- е вработена од 2020 до 2023 година на определено време преку Агенција за вработување, а во април 2023 година добила Решение за вработување на неопределено време. Без нејзино барање и без соодветно образложение како и без претходна консултација, била прераспределена на работа во подрачната единица на ---------- во Велес. Наведува дека со оваа одлука значително и се отежнало секојдневното функционирање, бидејќи живее во ----------, каде што е и нејзиното семејство. Според наводите таа е мајка на малолетно дете во основно образование и поради новонастанатата ситуација, се соочува со сериозен психолошки стрес и е под медицински надзор кај психијатар, при што прима терапија, за што во прилог доставува извештаи од лекарски наоди. Додека работела во Скопје редовно и навремено ги извршувала своите работни обврски во законски рок согласно описот на работното место. Исто така неколку месеци пред прераспределбата покрај редовните работни задачи и биле доделени и дополнителни работни задачи и тоа само на неа од целиот Сектор. Наведува дека прво добила Решение за попис на документиран материјал за уништување, како и одбирање на архивската граѓа од трајна вредност од документираниот материјал во ---------- тоа Решение е со бр.02-11756/1 од 23.09.2025 година, потоа за неполн месец добила и Решение со бр.02-11756/18 од 14.10.2025 година, односно претходното Решение се става вон сила и за 4-5 дена после тоа добила Задолжение со бр.04-5313/47 од 20.10.2025 година за издавање на испратници. Задолжението не било спроведено поради тоа што набрзо добила Решение за прераспределба со бр.04-14328/1 од 09.12.2025 година, што дополнително укажува на нееднаков третман. Со донесеното Решение била прераспределена во подрачна единица во ---------- што значително ја влошило нејзината состојба. Подносителката наведува дека оваа прераспределба подразбира патување на релација ----------и

обратно и тоа 310 км дневно, што претставува огромен физички, психички, временски и финансиски товар за неа. Растојанието од ---------- Скопје – ---------- е над 50 километри во еден правец, што е спротивно на закон, бидејќи законски е дозволено распоредување до 50 км сметано од последното работно место до сегашното работно место, за што во прилог ви доставува вештачење од стручно лице, а дополнително патува и од ----------до Скопје, со што секојдневното патување станува прекумерно и исцрпувачко. Особено ја нагласува околноста дека не постои директна автобуска линија ----------, што дополнително го отежнува движењето и предизвикува физички и психички напор. Дополнително, истакнува дека имам поднесено жалба против решението до Агенцијата за администрација која е одбиена без да се земат предвид релевантните докази, вклучително и стручно вештачење. Смета дека со ваквото постапување е ставена во понеповолна положба во однос на| другите вработени во Секторот, без објективно и разумно оправдување. Наведува дека со донесувањето на ваквата одлука врз основа на неточни факти, се повредуваат основните начела на законитост, еднаков третман и заштита на работнички права. Особено укажува дека во секторот се прераспределени само две лица -и двете жени и двете од ----------во две различни подрачни единици надвор од Скопје, додека други вработени не се прераспределени под исти услови, што укажува на селективен и нееднаков третман. Овие околности укажуваат на постоење на дискриминација, имајќи предвид дека постапувањето е насочено кон одредена група вработени без објективна основа кои се членови на политичката партија СДСМ, на која член е и подносителката. Дополнително истакнува дека постои сомнеж дека ваквото постапување има и елементи на политички мотивиран притисок. Според наводите во ----------имало многу прераспределување, од кои повеќето се по подрачните единици во Скопје, а еден од нив е претседателот на ---------- на ----------кој бил прераспределен во ----------, а исто така е член на политичката партија СДСМ.

Исто така наведува дека поради распоредувањето по одлука на ----------, законски и следуваат патни трошоци или одвоен живот кои не ми ги исплаќаат и покрај тоа што имам поднесено барање до ----------. Во претставката наведува дека со ваквите постапки се повредуваат нејзините права на еднаков третман, достоинство на работа, како и правото на заштита на семејниот и приватниот живот.

Комисијата, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја достави претставката на произнесување до ----------. Во поднесокот за произнесување, ---------- наведува дека Решението за распоредување и определување на плата на административен службеник бр. 04-14328/1 од 09.12.2025 година со кое административниот службеник ----------се распоредува на работно место ----------во ---------- е донесено врз основа на Правилникот за систематизација на работните места во ----------, како и врз основа на реалната потреба за непречено функционирање на подрачната единица, поради зголемен обем на работа и неопходност да се обезбеди континуитет во извршувањето на работните задачи. Понатака наведуваат дека од страна на вработената ----------е поднесена жалба и дополнување на жалба против Решение за распоредување и определување на плата на

административен службеник бр.04-14328/1 од 09.12.2025 година до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен. Од страна на Агенцијата е донесена Одлука бр. 09-759/6 од 30.12.2025 година, со која жалбата се одбива како неоснована. Според наводите на ----------, Решението е јасно, разбирливо, донесено врз основа на правилна примена на материјалното право, во согласност со законските одредби од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Општиот колективен договор за јавниот сектор и со Правилникот за систематизација на работните места во ----------. Согласно горенаведеното, ---------- целосно ги отфрла наводите за дискриминација врз основа на пол и политичко уверување, како и наводите за повреда на работнички права.

Комисијата, при одлучувањето, ги разгледа наводите од претставката и дополнувањата, приложените акти и произнесувањето на ---------- и утврди дека постојат околности кои упатуваат на тоа дека подносителката била ставена во понеповолна положба во однос на другите вработени во ----------, врз основа на политичко уверување.

Од изјаснувањето на ----------произлегува дека Решението за распоредување и определување на плата на административен службеник бр. 04-14328/1 од 09.12.2025 година било донесено поради потребата од непречено функционирање на ---------- зголемениот обем на работа и потребата од обезбедување континуитет во извршувањето на работните задачи. Меѓутоа, ---------- не доставило конкретно образложение за причините поради кои токму подносителката била избрана за распоредување, ниту докази за критериумите според кои бил направен изборот на вработените кои ќе бидат распоредени надвор од Скопје.

Комисијата особено ја имаше предвид околноста дека, според наводите на подносителката, во рамките на Секторот биле распоредени само две вработени кои се членови на политичката партија СДСМ (во прилог доставени членски книшки) кои живеат во ----------, додека другите вработени не биле опфатени со истата мерка. Оваа околност, разгледана заедно со наводите за политичката припадност на подносителката и на другата вработена, воопшто не е образложена во известувањето на ----------во насока на тоа дали изборот на вработените бил направен врз основа на објективни и однапред утврдени критериуми или, пак, постоела поврзаност со нивните лични карактеристики.

Комисијата цени дека повикувањето на потребите на институцијата и на Правилникот за систематизација, без конкретни податоци за причините за изборот на подносителката, не претставува само по себе доволно објаснување за наводите за различен третман. Имено, легитимната потреба за пополнување на работно место во подрачна единица не го ослободува работодавачот од обврската при изборот на вработени да постапува во согласност со начелото на еднаквост и забраната за дискриминација. Воедно, Комисијата ја имаше предвид и околноста дека подносителката живее во ----------, дека е мајка на малолетно дете и дека

прераспределбата во ----------, според нејзините наводи, предизвикува значителни физички, финансиски и психички оптоварувања, факт кој работодавачот треба да го има во предвид при носењето на одлуката за прераспоредување.

Комисијата, исто така, ја имаше предвид и одлуката на Агенцијата за администрација со која жалбата на подносителката била одбиена како неоснована. Сепак, оваа одлука не ја исклучува можноста за постоење дискриминација, бидејќи законитоста на решението за распоредување и прашањето дали при неговото донесување бил повреден принципот на еднакво постапување претставуваат одделни прашања што се оценуваат во рамките на соодветните надлежности.

Согласно *член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кога подносителот ќе изнесе факти од кои може да се претпостави дека е извршена дискриминација,* ***товарот на докажување*** *преминува на лицето против кое е поднесена претставката.* За активирање на ова правило не е потребно подносителот целосно да ја докаже дискриминацијата, туку да презентира доволно поврзани и конзистентни индиции што создаваат основана претпоставка за причинска врска меѓу неповолниот третман и заштитената основа.

Оттука, Комисијата утврдува дека подносителот направил веројатно постоење на дискриминација, додека ----------не го понудило потребното ниво на конкретни и проверливи докази дека различниот третман бил исклучиво последица на објективни, нужни и недискриминаторски организациски потреби.

Дискриминација согласно_*член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Директна дискриминација согласно член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација *постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Поради наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА на ----------, во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење, да ги преземе сите потребни мерки и активности за отстранување на последиците од утврдената дискриминација врз основа на политичка припадност, на начин што ќе ја распореди ----------на работното место на кое работела пред донесувањето на Решението за распоредување и определување на плата на административен службеник бр. 04-14328/1 од 09.12.2025 година.

Доколку одговорното лице во ---------- не постапи согласно дадената препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшик

Доставено до:
- Подносителот
- ----------
- Архива